РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-627/2
07-02-2023 г./v. (2021)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81 седница одржана на ден 03.02.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-627/1 од 09.02.2021 година, со наводи за ограничување на конкуренцијата при спроведување на постапки за јавни набавки, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување за предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-627/1 од 09.02.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 09.02.2021 година, доставена е пријава со наводи за ограничување на конкуренцијата при спроведување на постапки за јавни набавки и оформен е предмет број 12-627/1 од 09.02.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека постапките за јавни набавки навидум се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки, но со апстрактни технички спецификации со кои се фаворизираат блиски компани. Договорните органи, по укинувањето на Советот за јавни набавки, фабрикувале технички спецификации, најмногу во постапките за набавка на канцелариска хартија, со услови кои одговарале само на една фаворизирана компанија. Економските оператори ги користеле законските можности и алатки, односно доставувале жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки, при што и прифатените жалби не се спроведувале во пракса. Фаворизирањето на одредени економскиот оператори, се остварувало на начин што во техничката спецификација се внесувале производи кои не биле потребни на договорните органи и за тоа претходно ги известувале своите блиски компании со што им овозможувале предност во постапката, додека при испораката и прием на стоките предмет на договорот за јавна набавка, се натпишувале количини кои не соодејствувале со реално испорачаните количини. Наведеното било случај во постапките за јавни набавки на _____ ________ __________ _________ ______ ___ ________ _________ со број на оглас: ____/_____ и _____/_______ и постапката за јавна набавка на ______ ______ __ _______ ___ _________ __ _____ __ ________ __________ _________ ________ ________ _______ __ ______ ________ со број на оглас: _______/_______.

По разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај Комисијата за заштита на конкуренцијата која е надлежна да ја контролира примената на одредбите и прописите

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

донесени врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата со кои се уредуваат забранетите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, како и мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата.

Оттаму, ДКСК оцени нема надлежност за постапување во предметниот случај, а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на друг надлежен орган.

Врз онова на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.М.
Одобрил: Г.Т.,член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**